**Здружение на финансиски работници**
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-154
09.03.2020 година
В е л е с

До
Сектор / оддел. за јавни набавки
Сектор /одделение за финансии
Сметководство / правни работи / ревизија

**Предмет**: Покана за работилница

Почитувани,

Имајќи ги во предвид Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија[1], одредбите на член 8-а од Изборниот законик[2] влијаат врз начинот на вршење на јавните набавки од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија. Оваа состојба претставува предизвик, како за договорните органи, така и за економските оператори, но и одговорност на инволвираните лица пред се на одговорните лица кај договорните органи, комисиите за јавни набавки, лицата за јавни набавки со положен испит за јавни набавки и други инволвирани лица во процесот на доделување на договорите за јавни набавки.

За осознавање и потврдување на начинот на постапување во изборниот период[3], **Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**, со задоволство Ве поканува на работилницата со наслов: **„НАЧИН НА ПОСТАПУВАЊЕ НА ДОГОВОРНИТЕ ОРГАНИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО ИЗБОРНИОТ ПЕРИОД“** која ќе се одржи на **18 март 2020 година** (среда) со почеток во 9.30 часот во хотел „Континентал“ – Скопје. Покрај прашањето за набавките во изборниот период, ќе се разработат и повеќе прашања кои се појавија во досегашната примена на Законот за јавни набавки.

Преземените подготвителни активности од Здружението на финансиски работници, обезбедениот експерт со долгогодишно искуство, како и утврдените области кои се предмет на елаборирање / дискусија за наведената работилница детално утврдени во приложената Агенда, веруваме дека ќе предизвикаат интерес, како и многупати досега, за Вашето присуство и учество со прашања и дискусии за што ја изразуваме нашата благодарност.

Затоа, со задоволство го очекуваме присуството на претставници на Единиците на локалната самоуправа, Буџетски корисници, единки корисници, Јавните здравствени установи, Јавните установи, Јавни претпријатија / Јавно комунални претпријатија, Акционерски друштва и други заинтересирани страни.

Обезбедениот квалитетен експерт-практичар, м-р Александар Аргировски, со своето долгогодишно искуство во областа на јавните набавки, подготвените материјали за работилница и долгогодишната соработка со вас, претставуваат добра основа и мотивираност за ваше присуство.

Надоместокот за печатените материјали за работилницата по учесник изнесува само 5.500 денари со вклучен ДДВ, кој можете да го уплатите на име на:

**Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија:**
**Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје**
**Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје**
**Даночен број МК 4004997107233**

**Транспортните трошоци се на товар на учесниците.**

---

[1] „Службен весник на РСМ“ број 43/2020
[2] „Службен весник на РМ“ број 40/06, 136/08, Испр. 155/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, Испр. 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, “Службен весник на РСМ“ бр. 98/19, 146/19, 42/20);
[3] “Изборен процес“ е времето од донесувањето на актот за распишување на изборите до објавувањето на конечните резултати од одржаните избори, на ниво на општина, градот Скопје, односно изборната единица каде што се врши изборот.

Поради големиот интерес за работилницата, а во функција на нејзиното добро организирање, Ве молиме да го пријавите Вашето присуство во канцеларијата на Здружението со доставување на пополнети Пријави за учество на работилницата на e-mail zfrlsjpv@t.mk. Формуларот за учество на работилницата и агендата се поставени на нашата веб страна www.zfr.org.mk**.** За сите дополнителни информации обратете се во канцеларијата на Здружението на тел. 043/230-623, моб: 070/265-401, 071/335-930, 076/265-136 или преку e-mail zfrlsjpv@t.mk.

Работилницата претставува континуитет на долгогодишната традиција за одржување работилници, поддршка на размена на информации, искуства и зголемување на вештините во областа на јавните набавки, кои се потврдени со вашите барања и со анализата на потребните области за обука. Ве очекуваме да ни се придружите и заеднички да ги разрешиме сите отворени прашања и дилеми поврзани со темите од работилницата.

Со почит,

**Извршен директор,**
м-р Зоран Јанкуловски

Здружение на финансиски работници на локалната самоуправа и јавни претпријатија
ВЕЛЕС
2

**Прилог:** Агенда